


МРТ 1

# ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА МЕДИУМСКИТЕ СОДРЖИНИ

23 НОЕМВРИ - 18 ДЕКЕМВРИ 2015

## 1. МТВ 1

***„Дневник“***

Во известувачкиот период од 23 ноември до 18 декември 2015 г. МТВ1 објави вкупно 273 прилози кои се однесуваат на политичките актери. Најмногу внимание месецов телевизијата им посвети на ***(1)*** Новите проекти на Владата на РМ (102 прилози), ***(2)*** Преговорите за медиумите (16 прилози), ***(3)*** Анкетна комисија за аферата со прислушувањето (16 прилози), ***(4)*** Ветото за домашното задолжување (14 прилози), ***(5)*** Аферата со лажни лични карти (4 прилози), **(6)** Комплетирањето на составот на Државната изборна комисија (4 прилози), и ***(7)*** Блокадата на Ректоратот поради сечењето на дрвјата на кампусот на УКИМ (4 прилози). Кај мнозинството од прилозите на овие теми беше забележан фаворизирачки однос кон ВМРО ДПМНЕ. Најексплицитните конструкти на фаворизирање беа направени во прилозите кои промовираат активности на владата, поради што вестите често изгледаат како владин или партиски билтен. За разлика од други провладини медиуми, кај МТВ 1 демонизирачкиот однос кон СДСМ е помалку нагласен што може да се смета за дистинктивен карактер во известувањето.

Коментари и оценки во вес тите: Кај МТВ1 во анализираниот период се објавени (102) промотивно –
пропагандни новинарски извештаи во полза на власта, некогаш дури врзани и под една најава, како на пример: „Прилеп: 76 семејства ќе добијат покрив над глава“, „Прилеп: Изградени 678 објекти во 13 општини“, „Прилеп: Изградено ново училиште и спортска сала“ објавени на (02.12.2015), потоа „Нови странски инвестиции во Македонија“, „Турска компанија отвори фабрика за ориз“, „Саем за вработување: Над 80 компании бараат работници“, „Пазар на труд: 7.155 слободни работни места во третиот квартал“, „Станови за 43 семејства од социјален ризик“, „Кочани: Нова спортска сала“ - сите објавени на (03.12.2015). Со ваквиот начин на известување, вестите на македонски јазик на јавниот сервис наликуваат на предизборна промоција на владејачката партија ВМРО- ДПМНЕ. Насловите вклучуваат: „Детска кардиохирургија: Изведени близу 200 интервенции“, „Две нови фабрики до крајот на годината“„Нови лекови на позитивната листа“(05.12.2015); „Над 10.000 вработени преку „Македонија вработува“(06.12.2015); „Нова странска инвестиција во ТИРЗ Бунарџик“(07.12.2015), „Два нови проекта: Бесплатен превоз за редовните студенти“(08.12.2015); „Невработеност: Рекордно ниски 25 проценти“(11.12..2015) итн. Иако во помал број, емитувани се и извештаи кои се со негативен пристап кон опозицијата: „Ветото ги загрозува исплатите од буџетот“(29.11.2015), „Заев со закани кон банките и медиумите“(01.12.2015); „Колумна на Мајкл Михан: „Напад врз слободните медиуми е напад врз сите“ (11.12.2015) – во овој пример имаше лични ставови на новинарот во презентацијата.

Користење на изворите: Во вестите на МТВ1 во вкупно 129 прилози се повикуваат на само еден извор. Во 83 прилози кога има два или повеќе извори тие најчесто бранат иста позиција. постои видлива тенденција извори за новинарските прилози да бидат државните институции (претседател, премиер, владина прес служба, државни службеници, градоначалници) и одвреме-навреме експерти. Се забележува и тенденција на манипулација со тоа што изворите не се именуваат: „претставници на новинарската фела“, извештај на Евростат (без да се прецизира од кога е тој), „ставот на економистите“, „многумина“ и сл. Манипулативното користење извори се забележува и кога новинарот изрекува констатација без притоа да се повика на извори:

„Владата одговорно управува со јавните финансии и со сервисирањето на обврските“(06.12.2015); или користење на стари изјави во нов контекст “Два нови проекта: Бесплатен превоз за редовните студенти“(8 декември); користење на изјави во полза на новинарскиот став (9 декември - изјави од двајца студенти со ист став), или пак, употреба на формулации како „економистите велат“, и цитирање како официјални, изјави на владини претставници на социјалните мрежи (изјава на Груевски на Фејсбук од 11 декември). Во случај кога се објавуваат вести со два спротивставени извори (ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ) во веста поголем простор се дава за елаборација на ставовите на владејачката партија (“Случај лични карти: Фалсификувачот или фабрикувачот да одговараат“ 29.11.2015). Во последните седум дена од набљудуваниот период, дури во 41 новинарски

производ информацијата се презентира врз база на изјава на премиерот, кој заедно со портпаролот на Владата најчесто е единствениот извор.

Директни обраќања: Во известувачкиот период е детектирано 41 директно обраќање на лидерите на двете најголеми политички партии. И според фреквентноста на појавувањата и рамката во која се ставени директните обраќања, видлива е неизбалансираност во полза на лидерот на ВМРО – ДПМНЕ. Во првиот известувачки период се емитувани вкупно 37 обраќања на Груевски, а 4 на Заев, и тоа изјави во негативен контекст. Уште поретки се обраќањата на претставници на други политички партии.

Аудиовизуелна презентација: Пропагандно-промотивните прилози се проследени со аудиовизуелна манипулација, со самото селектирање на промотивните изјави на претставниците на власта, визуелно прикажување на моментите на сечење ленти, поставување камен-темелници и слични настани: (2 декември) изјава на анонимен граѓанин „Ја засадивме иднината наша, на нашите деца и на цела Македонија“, „Гентерм“ гради фабрика во Прилеп“ (кадри со фрлање лопати со значење „ветивме оствaривме“); (29 ноември и 2 декември) следење партиски трибини само на ВМРО-ДПМНЕ иако во истиот период се одржуваат и трибини на СДСМ. Во голем дел од прилозите во преден план се премиерот Груевски и министрите од владејачката партија при промоции на нови инвестиции (6 декември „Нова инвестиција на ТИНЕКС вредна 14 милиони евра“), кога празници се користат за промоција на политички проекти (како што е изјавата на Груевски за бенефиции за студентите на прославата на Свети Климент од 7 декември), или промовирање на пораки „Следува: Груевски со порака до народот“ (8 декември), илустрирање на пренесено интервју на Груевски за Прес 24 со снимки од голем митинг на ВМРО- ДПМНЕ (10 декември), како и истакнување на партиските симболи на владејачката партија, наспроти мала фотографија од седиштето на опозициската СДСМ во прилогот „Случај лични карти“ (10 декември), каде се презентираат ставовите на двете партии. Во веста „Анкетна комисија: Распоред на сведоци за случајот Прислушкување“ (7 декември), наместо да се слуша тонската изјава на функционер од СДСМ (Петре Шилегов), со која се илустрира веста, новинарот – презентер ја интерпретира.

**Емисии**

Во овој извештај се анализирани само емисиите емитувани меѓу 1 и 14 декември. Во набљудуваниот период на МТВ 1 анализирани се емисиите *Акцент* и емисијата од *Наш агол.* Кај втората не се најдени сериозни пробивања, но затоа во едно издание на емисијата *Акцент* се воочени спорни елементи па затоа овие беа предмет на подлабока анализа.

*„Акцент“*

Две од овие изданија беа посветени на темите околу медиумите, политичките преговори за медиумите и изјавата на претседателот на СДСМ, Зоран Заев во која посочува 4 телевизии како непријателски. Во изданието кое се емитуваше на 2 декември емисијата ја водеше Горан Петревски главен уредник на информативната програма на МТВ, а гости во студиото беа уредниците на медиумите со про-владина политика: Лидија Богатинова – Канал 5, Коле Чашуле - Алфа ТВ, Драган Павловиќ Латас - ТВ Сител и Диме Ратајковски главен и одговорен уредник на првиот програмски канал на МРТ.
Темите кои ги наметна водителот беа: „Медиумите и политиката: четирите најгледани телевизии и највлијателниот дневен весник се политички непријатели на СДСМ“ и „Какви закони најефикасно ќе не заштитат како новинари од секаков вид на политички закани и притисоци“. Гостите и водителот во емисијата се осврнуваат генерално негативно на изјавата на лидерот на СДСМ при што наведуваат дека новинарите во нивните редакции ја доживуваат изјавата како форма на притисок врз медиумите. Во еден случај уредничката на Канал 5 Лидија Богатинова употребува навредлив говор кон субјектот на што водителот не се спротивставува.

Главниот уредник на МТВ1 Диме Ратајковски во емисијата го дефинира јавниот сервис МРТ како чувар на државните и националните интереси при што неговата задача е да информира за активностите на државните и

владините функционери и за проектите на кои се трошат буџетските пари. Според него, сè останато е работа на приватните медиуми.

Цитат: *„Втората карактеристика на јавниот сервис е во позиција секогаш да се грижи за националните и државните интереси во републиката. Да го чува, да го штити и да го брани државниот поредок на државата... Не смееме да дозволиме да дојде до разнебитување на Македонското национално ткиво. Ние како јавен сервис сме чувари на тоа“. – Диме Ратајковски.*

Водителот на емисијата не реагира на ваквото дефинирање на улогата на јавниот сервис МРТ.